**20120691952**

**ГЛАВНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

Врз основа на член 9 точка 5 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/10 и 145/10), главниот државен ревизор донесува

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР И ДРЖАВНИОТ РЕВИЗОР

## I Општа одредба

Член 1

Со овој правилник се уредува формата и содржината на образецот и начинот на издавање и одземање на службената легитимација (во натамошниот текст:легитимација) на овластените државни ревизори и државните ревизори.

## II Образец, форма и содржина на легитимацијата

Член 2

(1) Образецот на легитимацијата е изработен од ПВЦ материјал, во жолта боја, на кој се печати со црна боја, изработена по стандард ИСО ЦР – 80, со димензии 86 x 54 мм и дебелина 800 миц.

(2) Предната страна на образецот ги содржи зборовите:

„Република Македонија“

„Државен завод за ревизија“

На левата страна место за фотографија, со димензии 20x25mm, а во продолжение простор каде се запишува името и презимето на државниот ревизор, регистарски број на легитимацијата, потпис на главниот државен ревизор и место за печат.

Во горниот лев агол е логото на Државниот завод за ревизија, а во горниот десен агол е грбот на Република Македонија.

(3)Задната страна на образецот на легитимацијата ги содржи зборовите:

„Државна ревизија ја врши овластен државен ревизор и државен ревизор вработени во Државниот завод за ревизија.

Државната ревизија се врши согласно со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) и правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ.“

Член 3

(1)Со легитимацијата овластените државни ревизори и државните ревизори се легитимираат пред субјектите на ревизијата.

(2)Со службената легитимација овластените државни ревизори и државните ревизори ги користат правата утврдени со член 25 од Законот за државната ревизија.

## III Начин на издавање и одземање на службената легитимација

Член 4

(1) Легитимацијата се издава на овластените државни ревизори и државните ревизори, за извршување на работи и задачи од областа на ревизијата.

(2) Овластениот државен ревизор и државниот ревизор на кој ќе му престане работниот однос во Државниот завод за ревизија, ја враќа легитимацијата во Државниот завод за ревизија и истата се поништува.

Член 5

(1) Овластениот државен ревизор или државниот ревизор кој ја изгубил легитимацијата или на друг начин остане без неа, веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена писмено го известува Државниот завод за ревизија, наведувајќи ги причините поради кои останал без легитимацијата.

(2) Изгубената или оштетената легитимација се заменува со нова која што содржи нов регистарски број.

(3) Трошоците за издавање на нова легитимација заради губење или оштетување на легитимацијата, овластениот државен ревизор и државниот ревизор ги надоместува од сопствени средства.

Член 6

(1) За секое издавање, заменување, поништување, губење или оштетување на легитимацијата се води евиденција.

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член содржи податоци за: реден број, име и презиме на овластениот државен ревизор и државниот ревизор, дата на издавање на легитимацијата, регистарскиот број на легитимацијата, дата на враќање на легитимацијата, дата на замен ување на легитимацијата, дата на поништување на легитимацијата, дата на известување за губење или оштетување на легитимацијата и забелешки.

Член 7

Образецот на легитимацијата е составен дел на овој правилник.

**Преодни и завршни одредби**

Член 8

Службените легитимации издадени пред влегувањето во сила на овој правилник ќе се заменат во рок од 3 (три) месеци, а издадените да се вратат во Државниот завод за ревизија.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на овластениот државен ревизор („Службен весник на РМ“ бр.85/01) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на овластениот државен ревизор („Службен весник на РМ“ бр.10/02).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-591/1
4 јуни 2012 година
Скопје

Главен државен ревизор,
м-р **Тања Таневска,** с.р.



ДЗР

Република Македонија

Државен завод за ревизија

фотографија

2,0 x 2,5 см

Име

Презиме

Регистарски број

Потпис на Главниот државен ревизор

м.п.

Државната ревизија ја врши
овластен државен ревизор и државен ревизор
вработени во Државниот завод за ревизија

Државната ревизија се врши
согласно со ревизорските стандарди на Меѓународната
организација на врховните иституции (ИНТОСАИ) и
правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ